СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
Примен: 01-04-2024

| орг.еди. | број | прилог | вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 4259/1 | | |

Архивски знак: 0202
Рок на чување: 1г.
Потпис,
____20__ година

*До*
*Стопанска банка а.д. Битола*
*Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21*
*7000 Битола*

***За 52 -ра седница на Собрание на акционери на Стопанска банка а.д Битола***

***Предмет:*** *Доставување предлог за номинација на лица за членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола по однос на точка со реден број 8 од дневниот ред на собрание на акционери*

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва врз основа на објавениот јавен повик за свикување на Собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола објавен на 25.3.2024 година, акционерите, Тони Јосифовски, со адреса на живеење ул.Миле Поп Јорданов 42/7, Карпош, 1000 Скопје кој поседува 19.500 акции со право на глас и акционерот Друштво за производство, трговија и услуги Кара ДООЕЛ Скопје ул.Скупи 3А, Каропош, 1000 Скопје кој поседува 1.172 акции со право на глас што заедно во процент претставува 5,29% од вкупниот број на акции со право на глас во сопственичката структура на Стопанска банка а.д. Битола, доставуваме предлог по однос на точката со реден број 8 од дневниот ред на Собранието на акционери со наслов: „Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог: Мислење на Надзорниот одбор на Банката кон Предлог-одлуката".

По пат на овој допис ние како акционери на Стопанка банка а.д. Битола доставуваме предлог за номинирање на лицата г-ѓа м-р Гордана Темелковска Костовска и г-ѓа д-р Мимоза Богданоска Јовановска за членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Предлогот за номинација на двете лица го темелиме на нивното богато професионално искуство, со потврдено знаење, искуство и репутација.

Сметаме дека номинираните кандидати со своето знаење и искуство ќе придонесат за успешна работа на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Воедно, во прилог доставуваме:

- Извод од ЦДХВ за сопственост на акции за акционерот предлагач не постар од 3 (три) дена;
- последна тековна состојба за акционерот, предлагач правно лице, не постара од 7 (седум) дена;
- фотокопија од лична карта за акционерот, предлагач физичко лице;
- лична карта во копија на законскиот застапник на акционерот, предлагач правно лице.

Битола, 1.4.2024 година

Тони Јосифовски

-------------------------------------------

Друштво за производство, трговија и услуги
Кара ДООЕЛ Скопје

-------------------------------------------------------